МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Запознавање со амбулантско-болничката дејност на Гинеколошко-Акушерскиот оддел при Општа болница-Ново Место Р.Словенија*

ЈЗУ Општа болница Кичево Р.Македонија
ЈЗУ Општа болница Ново Место Р.Словенија

***Престој : 22.06.2015 - 08.07.2015***

Д-р Владимир Кижески
Специјализант по гинекологија и акушерство
Јули 2015

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

SPLOŠNA BOLNIŠNICA NOVO MESTO

* Општата болница Ново Место е регионална болница која опслужува со здравствени услуги од СЗЗ, регион со 132000 жители.
* Во склоп на Општа болница Ново Место функционираат скоро сите специјалности, освен Онкологија со радиотерапија и Неврохирургија.
* Болницата во 2014 год. имала, апроксимативно, 20000 пациенти на болничко лекување, 190000 специјалистичко-амбулантски прегледи, 13000 операции во кои се вклучени и амбулантските интервенции и 1280 породувања.



- Во тек на престојот во Гинеколошко-акушерскиот оддел при Општа болница Ново Место, имав можност да присувствувам на голем број од операциите во гинеколошкиот оперативен блок, следење на специјалистичко-амбулантаската дејност како и присувство и активност во работата на родилните сали.
- Целокупниот медицински персонал се одликуваше со голема гостопримливост и голема ангажираност во поглед на пренесување, споделување на своите медицински знаења, вештини,искуства и ставови.
- Во однос на медицинскиот персонал особено впечатливо беше почитувањето на хоспиталната култура, како и почитувањето на сите етички и деонтолошки принципи од страна на медицинскиот персонал во односот медицински персонал-пациенти, како и почитување на сите права на пациентите.

Гинеколошко-акушерскиот оддел во О.Б.Ново Место се состои од:

1.Специјалистичко-амбулантска дејност
- гинеколошка амбуланта
- ултразвучна амбуланта
- уродинамска лабораторија
- гинеколошки диспанзер

( Гинеколозите од Гинеколошко-акушерското одд. покрај здравствените услуги од СЗЗ извршуваа и гинеколошки здравствени услуги од ПЗЗ )

2. Гинеколошки оддел
- гинеколошки оперативен блок
- интензивна нега
- ургентен оддел
- стационарен оддел

3. Акушерски оддел
- родилни сали
- пуерпериум
- патолошка бременост и перинатална интензивна нега
- неонатологија

- Во гинеколошкиот оперативен оддел се работи скоро цела гинеколошка патологија и од аспект на дијагностика и од аспект на оперативно лекување. Најголем дел од оперативните интервенции кои се извршуваа во оперативниот оддел се лапароскопските интервенции, што претставува тренд во земјите со развиен здравствен систем.
- Оперативни интервенции кои се извршуваа во оперативниот оддел и на кои имав можност да присувствувам се:

  Лапароскопска стерилизација, лапароскопска аднексектомија, лапароскопска миомектомија, лапароскопска ингвинална лимфаденектомија со лапароскопски асистирана вагинална хистеректомија,лапароскопска атхезиолиза на атхезии во мала карлица, хистероскопска ресекција на септум на утерус, абдоминална хистеректомија, вагинална хистеректомија, хистероскопски дијагностички процедури  и урогинеколошки операции.





* Од урогинеколошките интервенции кои се изведуваа и која ми остави впечаток е TVT-S интервенцијата.

Поставувањето TVT (tension-free vaginal tape) е интервенција која се користи за решавање на уринарна стрес-инконтиненција. Предноста на TVT интервенцијата е во тоа што се работи за минимално инвазивна интервенција која се изведува во локална анестезија и со кратко времетраење, а ефикасноста во решавање на уринарната стрес-инконтиненција е висока (>90%). TVT е нересорптивна трака од Prolen, која преку инцизија и отворање на преден вагинален ѕид се вметнува обострано до fascia obturatoria и има функција да ја подигне уретрата.






- Во однос на породувањата значајно е да се истакне тоа што скоро сите спонтани породувања се одвиваа со епидурална анестезија и во присувство на брачниот партнер, за што се обезбедени соодветни услови. Во поглед на оперативното завршување на породувањето (царски рез) и во поглед на индикациите за царски рез, лекарите имаа строги критериуми, така да процентот на породувања завршени со царски рез, во однос на целокупниот број на породувања во 2014 год. изнесувал 18%, со тенденција за намалување во оваа година.
- Она што можеше да се забележи во родилните сали е високото ниво на љубезност на акушерскиот персонал кон пациентките, како и строгото почитување на принципите на асепса и антисепса од страна на акушерскиот персонал.






- Се надевам дека голем дел од медицинските искуства, мислења и ставови, кои ги стекнавме при престојот во Општа болница Ново Место, а кои претставуваат и светски тренд и кои се применуваат во земјите со развиени здравствени системи, би можеле да се пренесат и во работата на нашите болници, во функција на подобрување на квалитетот на здравствената заштита.
- Во таа насока сметам дека е за поздравување проектот на Министерството за здравство за едукација на нашите лекари и медицински персонал, во земјите со развиени здравствени системи.
  На крај би сакал да се заблагодарам на Министерство за здравство на Р.Македонија и  Општа болница Кичево, за тоа што ми ја овозможија оваа едукација во Р.Словенија.



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА










БЛАГОДАРАМ